Врз основа на член 30 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/2020), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 декември 2022 година, донесе

# ОДЛУКА
## за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција

### Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција.

(2) Составен дел на оваа одлука е Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција со технички број 103/2020 од ноември 2022 година, кој е објавен на веб страната на Министерството за транспорт и врски.

(3) Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција се состои од:

- Графички дел кој содржи графички прикази на планските решенија со нумерички показатели,
- Текстуален дел кој содржи цели на планот, концепт на планот, услови за развој и градење и одредби за спроведување со нумерички податоци и со билансни показатели и
- Составни делови на урбанистички план

А) Графичкиот дел содржи:

- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени плански и проектни документации релевантни за планскиот опфат на УППГДЗ
- Преклоп на опфат од УППГДЗ со одобрени плански документации
- Ажурирана геодетска подлога........................................................................................(М=1:1000)
- Инвентаризација........................................................................................................(М=1:1000)
- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- План на намена на земјиштето и градбите.........................................................(М=1:1000)
- Синтезенплан...................................................................................................................(М=1:1000)
-Пресеци на планиран гасовод со постојна и планирана инфраструктура..................(М=1:100)

Б) Текстуалниот дел содржи:

- ОПШТ ДЕЛ
- Извод од регистрација на фирмата
- Лиценца за изработување на урбанистички планови (број 0086)
- Лиценца "А" за проектирање на градби од прва и втора категорија на фирмата
- Решение за планери
- Овластување на планери
- Планска програма
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА УППГДЗ
- НУМЕРИЧКИ ДЕЛ и
- НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

В) Составни делови на урбанистичкиот план се:

- ПРИЛОГ: ДОПИСИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ (податоци и информации)
- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ - Y16321
- ПРИЛОГ: ДОПИСИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ (мислења и согласности)
- ПРИЛОЗИ ОД ОДРЖАНА СТРУЧНА РАСПРАВА ЗА УППГДЗ за Интерконективен гасовод
- ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА СТРУЧНА РЕВИЗИЈА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНТЕРКОНЕКТИВЕН ГАСОВОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ГРЦИЈА од Сектор за уредување на просторот, Министерство за транспорт и врски.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Северна Република Македонија“.

**Бр.41-11351/3**
**14 декември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата